РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 31. 10. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 165 | | |

4837

( Образец ПП......)

**До:** **Општина Битола**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:_____________________________

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Дали во проектот за брендирање на јужната трибина на стадионот „Петар Милошевски" во Битола, која гледа кон улица „Крушевска Република" (обиколница), металната конструкција со платно е предвидена како дел од проектот?

Колкава е вкупната вредност на изведбата на металната конструкција со платно?

Дали за оваа изведба беше распишан тендер или јавна набавка, и доколку беше распишан, кога беше распишан?

Кој го доби тендерот?

Доколку не беше распишан тендер, ве молам да ми доставите копии од склучените договори или фактури поврзани со изведбата.

Дали за оваа интервенција постоела предмер-пресметка пред започнување на изведбата и предмер-пресметка по завршување на работите?

Кој е избраниот изведувач и кој е датумот на склучување на договорот за изведба?

Колку чинеше целосното брендирање на стадионот „Петар Милошевски" во Битола?

Дали за брендирањето беа распишани тендери или јавни набавки, и ако не ве молам да ги доставите договорите или фактурите поврзани со овие трошоци.

Во прилог да ни се достави копија од договорот со сите прилози кон него за извршени плаќања по истиот.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- **д) друго електронски запис и видео изјава за телевизија Тера_____**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- **д) друго електронски и во директна комуникација со новинар на ТВ Тера** <u>**Дивна Грданова Карацовска**</u>

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола, 31.10.2025 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Лица за посредување со информации
од јавен карактер

Бр.11-165/2
18.11.2025

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-165/1 од 31.10.2025 година, Ве известуваме дека на редовната седница одржана на ден 14.11.2025 година, Советот на Општина Битола по точка 13 и точка 14 од Дневниот ред, донесе две Одлуки кои се однесуваат на предметот на Вашето барање и истите Ви ги испраќаме во прилог.

1.Одлука за прифаќање на донација за изведбата на рекламни паноа на стадионот ‘’Петар Милошевски’’.
2.Одлука за прифаќање на донација за проектантски надзор над изведбата на рекламни паноа на стадионот ‘’Петар Милошевски’’.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БИТОЛА
ТОНИ КОЊАНОВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

_____________________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 7 став 1, член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" бр.47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 10/05, 17/08, 08/19, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

за прифаќање на донација за проектантски надзор над изведбата на рекламни паноа на Стадионот „Петар Милошевски" од страна на Друштво за градежништво, производство и услуги АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ Битола

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на примател ја прифаќа донацијата - проектантски надзор над изведбата на рекламни паноа на Стадинот „Петар Милошевски" од страна на Друштво за градежништво, производство и услуги АРХИТЕКТОН ДИЗАЈН ДООЕЛ Битола.

Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-117/15
14.11.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски

Врз основа член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 7 став 1, член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" бр.47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

за прифаќање на донација за изведбата на рекламни паноа на Стадионот „Петар Милошевски" од страна на Заштитно друштво печатница ГРАФО ПРОМ Битола ДООЕЛ

Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на прималел ја прифаќа донацијата - изведбата на рекламни паноа на Стадионот „Петар Милошевски" од страна на Заштитно друштво печатница ГРАФО ПРОМ Битола ДООЕЛ.

Член 2

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од прималелот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-117/16
14.11.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-165/3
19.11.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **31.10.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-165/2025** од **31.10.2025 година**, во врска со информации кои се однесуваат на стадионот „Петар Милошевски'' во Општина Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-165/2025 на ден 31.10.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации кои се однесуваат на стадионот „Петар Милошевски'' во Општина Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-165/1 од 31.10.2025.
2. Одговор од Градоначалник бр.165/2 од 18.11.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 19.11.2025 година, под бр. 11-165/3.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА